**20211492460**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член член 26-а од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НАДЗОР НА СНАБДУВАЊЕТО СО КНИЖНИ И КОВАНИ ПАРИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се определуваат условите и начинот на вршење надзор на снабдувањето со книжни и ковани пари (во понатамошниот текст: готовина).

## II. УСЛОВИ И НАЧИН НА ВРШЕЊЕ НАДЗОР

Надзор на условите потребни за извршување на активности на снабдување со готовина

2. Надзорот на исполнувањето на условите потребни за извршување на активностите на снабдување со готовина од страна на банките и друштвата за снабдување со готовина (во натамошниот текст: центри за готовина), кои се трговски друштва регистрирани во регистарот на трговски друштва, а кои ги исполнуваат условите за вршење снабдување со готовина согласно со регулативата, го врши Народната банка на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Народната банка) преку вонтеренска контрола на документите со кои се докажуваат условите за снабдување со готовина и теренска контрола на опремата и деловниот простор каде што се сместува, се чува и се обработува готовината.

### Надзор на спроведување на условите и начинот на снабдување со готовина

3. Народната банка врши надзор на спроведувањето на условите и начинот на снабдување со готовина од страна на банките и центрите за готовина преку:

- контрола и анализа на податоците коишто ги доставуваат банките и центрите за готовина согласно со регулативата на Народната банка; и
- целосна или делумна теренска контрола (најавена или ненајавена) на банките и центрите за готовина.

Со контролата се врши проверка на примената на прописите, процедурите за работа на машините, обработката на готовината и постапувањето со обработените пари.

Народната банка може да земе примероци од обработените пари од банките и центрите за готовина за да ги провери во своите простории.

Теренските контроли од ставот 1 алинеја 2 од оваа точка ги вршат овластени лица, определени со решение од гувернерот на Народната банка, со кое се определува и предметот на контролата.

4. Најавената теренска контрола се врши според однапред утврден план за теренски контроли, одобрен од страна на гувернерот на Народната банка.

При изготвувањето на планот за контрола, се имаат предвид:

- големината на банките и центри за готовина;
- констатирани слабости во работењето со извршените претходни теренски контроли; и
- претходно констатирани неправилности во работењето преку контрола на податоците коишто се доставуваат редовно согласно со регулативата на Народната банка.

5. За најавената теренска контрола, Народната банка доставува известување до банката / центарот за готовина најдоцна 15 дена пред отпочнување на теренската контрола. Известувањето содржи:

- информации за предметот на контролата;
- информации за овластеното лице што ќе раководи со контролата;
- датумот на отпочнување на контролата;
- планираното времетраење на контролата;
- листа на информации коишто треба да ги подготви банката / центарот за готовина за потребите на контролата;
- рокот и начинот на доставување на бараните информации.

Информациите коишто треба да ги подготви банката / центарот за готовина за потребите на контролата, треба да бидат целосни, точни и конечни.

6. По завршувањето на контролата, Народната банка изготвува записник, кој се доставува до банката / центарот за готовина.

Записникот ги содржи следниве елементи:

- заклучни согледувања за поединечните области опфатени со теренската контрола;
- детален преглед на сите наоди од контролата коишто се однесуваат на утврдените слабости или неправилности во работењето;
- наоди коишто претставуваат неусогласеност со соодветната законска и подзаконска регулатива; и
- респонзивност на банката / центарот за готовина на претходно констатираните неправилности од страна на Народната банка.

7. Записникот од извршената контрола претставува професионална тајна на Народната банка и банките / центрите за готовина се должни да ја чуваат согласно со Одлуката за пристапот и начинот на користење информации на Народната банка на Република Северна Македонија коишто не се јавни. Банките и центрите за готовина можат да ја цитираат или на друг начин да ја наведат содржината на записникот од извршената контрола единствено за потребите за вршење ревизија на годишните финансиски извештаи и трговски книги, за длабинска анализа на банката и во други случаи предвидени со закон, по претходно добиено писмено одобрение од гувернерот на Народната банка.

8. Записникот од извршената контрола се доставува до членовите на управниот одбор на банката и органот на управување на центарот за готовина.

Членовите на управниот одбор на банката се должни да го разгледаат записникот од извршената контрола, да ги информираат членовите на надзорниот одбор за неговата содржина и да достават негов примерок до Службата за внатрешна ревизија.

9. Банката и центарот за готовина имаат право на приговор на записникот.

Приговорот треба да се достави во рок што ќе го определи Народната банка, а кој не може да биде пократок од пет дена, ниту подолг од десет дена.

Во прилог на приговорот, банката и центарот за готовина треба да достават известување за планираните или преземените активности во врска со надминувањето на неусогласеностите со прописите или слабостите утврдени во записникот.

Народната банка е должна да достави одговор на приговорот на записникот во рок од петнаесет дена од датумот на приемот на приговорот, по што и официјално ќе се смета дека контролата е завршена, а записникот е конечен.

10. Во случај кога при контролата ќе се утврди дека се постапува спротивно на одредбите на оваа одлука, Народната банка поведува прекршочна постапка спрема банките и центрите за готовина во согласност со закон, а во зависност од неправилноста може и да го раскине склучениот договор со центрите за готовина.

Во случај на дефект на машината за обработка на парите кој не може да се отстрани, Народната банка може да ја избрише машината од листата објавена на интернет-страницата на Народната банка.

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

11. Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О. бр. 02-15/IX-2/2021
30 јуни 2020 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.